ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

*Број: 02 - __________*
*_______ 2017 година*
*С к о п ј е*

*ЗАПИСНИК*
*од CCXXIII седница на Управниот одбор на*
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***
*одржана на 26 мај 2017 година со почеток во 11.30 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство – претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија – член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член;*
- *М-р Ина Манчевска, претставник на стопанствениците во Република Македонија – член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Кристина Христова, директор на секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Седницата ја водеше претседателот на Управниот одбор, Ангел Митевски. На почетокот утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети по што го прочита претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записниците од 216, 217, 218, 219, 220, 221 и 222 седница на Управниот одбор*

1. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ;*
2. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2017 година (За Клиниката за инфективни болести);*
3. *Предлог за донесување Одлука за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2017 година;*
4. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2017 година (за ПЗУ Поликлиника Неуромедика – Скопје);*
5. *Извештај од финансиски контроли на јавни здравствени установи за периодот од 1 јануари до 31 декември 2016 година; - информативно*
6. *Разно.*

*Предлогот беше едногласно прифатен од членовите на Управниот одбор, со што за работата на CCXXIII -та седница едногласно се усвои следниот*

*Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записниците од 216, 217, 218, 219, 220, 221 и 222 седница на Управниот одбор*

1. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ;*

2. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2017 година (За Клиниката за инфективни болести);*
3. *Предлог за донесување Одлука за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2017 година;*
4. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2017 година (за ПЗУ Поликлиника Неуромедика – Скопје);*
5. *Извештај од финансиски контроли на јавни здравствени установи за периодот од 1 јануари до 31 декември 2016 година; - информативно*
6. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.*

- *Усвојување на записниците од 216, 217, 218, 219, 220, 221 и 222 седница на Управниот одбор*

*Управниот одбор без забелешки, едногласно ги усвои записниците од 216 седница одржана на 29 декември 2016, од 217 седница одржана од 12 до 24 јануари 2017, од 218 седница одржана на 24 јануари 2017, од 219 седница одржана на 28 февруари 2017, од 220 седница одржана на 3 март 2017, од 221 седница одржана од 29 март до 26 април 2017 и 222 седница одржана на 26 април 2017 година.*

*ТОЧКА 1 - Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ*

*Објаснување за првата точка на дневниот ред даде Кристина Христова. Наведе дека предлогот следува по спроведената постапка откако на седницата во март Управниот одбор утврди предлог-референтни цени на лекови. По примените забелешки од фармацевтските куќи и одржаните состаноци со нив, се дојде до предлогот кој се дава на разгледување и усвојување од Управниот одбор.*

*По објаснувањето се отвори дискусија во која учествуваа сите членови на Управниот одбор при што поставуваа прашања на кои одговори и објаснувања даваа директорите Стефаноски и Рамадани и Кристина Христова. На крајот на дискусијата, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 2 - Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2017 година (За Клиниката за инфективни болести)*

*Директорот Стефаноски објасни дека измената на договорниот надоместок на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби од Скопје се однесува на зголемување на средствата во условниот надоместок за 2017 година, заради набавка на потребните лекови за терапија на заболени лица со Hepatitis C. Фондот за здравствено осигурување ги обезбедува овие дополнителни средства заради создавање на сите неопходни услови за непречено извршување на здравствени услуги на клиниката, вклучувајќи ги и услугите кои се однесуваат на превенирање и лекување на осигурените лица со Hepatitis C.*

*По обаснувањето Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2017 година***

*ТОЧКА 3 - Предлог за донесување Одлука за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2017 година*

*Во рамките на третата точка на дневниот ред, Управниот одбор по куса дискусија едногласно донесе*

***Одлука***
***за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2017 година***

*со која се утврди месечен износ на средства за една нова аптека која склучила договор со Фондот.*

*ТОЧКА 4 - Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2017 година (за ПЗУ Поликлиника Неуромедика – Скопје)*

*Во рамките на четвртата точка на дневниот ред, Управниот одбор врз основа на предлогот содржан во работните материјали за оваа точка, едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за 2017 година***

*со која се зголеми висината на договорниот надоместок заради зголемувањето на бројот на лекарските тимови во ПЗУ Поликлиника Неуромедика – Скопје.*

*ТОЧКА 5 - Извештај од финансиски контроли на јавни здравствени установи за периодот од 1 јануари до 31 декември 2016 година*

*Во рамките на петтата точка на дневниот ред, Управниот одбор го разгледа Извештајот од финансиски контроли на јавни здравствени установи за периодот од 1 јануари до 31 декември 2016 година како материјал за информирање. Во однос на извештајот не беа донесени одлуки или заклучоци.*

*Бидејќи не беа дадени предлози за разгледување во рамките на точката Разно, со разгледувањето на точката 5 беше исцрпен дневниот ред и Управниот одбор во 13.30 часот заврши со работата на CCXXIII -та седница.*

*Записничар,*
*Христо Трповски*

*Управен одбор*
*Претседател,*
*Ангел Митевски*

*Согласен, директор: Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*